МУЗЕЈ-ГАЛЕРИЈА
КАВАДАРЦИ

ЛОКАЛЕН МУЗЕЈ ГАЛЕРИЈА
КАВАДАРЦИ

Арх.Бр. 04-80/4
Дата : 21.04.2021
Кавадарци
Република Северна Македонија
Општина Кавадарци
Локален Музеј-галерија
Ул.7ми Септември бр.58.
Тел. 043/413-470, 075/344-665
e-mail muzejgalerija@gmail.com

Врз основа на член 77-ж од Законот за култура (Службен весник на РСМ бр.31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18), член 20-г и 20-д од Законот за вработените во јавниот сектор (Сл.весник на Р.С.М бр .27/14,199/14, 27/16, 35/18) и член 21,23,24,25,26 и 27 од Законот за работни односи (Службен весник на РСМ бр 167 од 28.09.2015, Измената на ЗРО од 15.02.2016 и Измената на ЗРО од 29.06.2016, Директорот на Локален Музеј - Галерија Кавадарци на ден 21.04.2021 год ја донесе следната :

# О Д Л У К А

## За избор на (1) едно лице давател на јавни услуги по објавен оглас

Во врска со објавениот јавен оглас број 1543740 од 29.03.2021 година , Директорот на Локален Музеј Галерија Кавадарци ГО ПРИФАЌА предлогот на Комисијата за постапка за вработување доставен до него заедно со прилозите од 1 и 2 фаза за селекција и како давател на јавни услуги на Непределено работно време на работно место - Кустос историчар на уметност со археологија (КУЛ 03 04 Д03 002) се избира лицето :

**ЕЛИЗАБЕТА РИСТОВА**

*О б р а з л о ж е н и е*

Постапката за вработување на даватели на јавни услуги во Локален Музеј Галерија Кавадарци е согласно со Годишниот план за вработување за 2021 година број 01/110 од 18.06.2020 година, за кој има Позитивно мислење бр.12/6-2510/6 од 09.10.2020 година од страна на Министерството за информатичко општество и администрација, како и согласно обезбедената финансиска согласност со број 18-861/3 од 17.02.2021 година на Министерството за финансии.

Управниот одбор при Локален Музеј Галерија Кавадарци донесе Одлука за распишување на јавен оглас за вработување на неопределено време на 1 извршител, Давател на јавни услуги Кустос историчар на уметност со археологија бр .1543740 од 29.03.2021 година, заради вработување на неопределено време.

Јавниот оглас за вработување на неопределено време на 1 извршител Кустос историчар на уметност со археологија бр.1543740 е објавен на ден 29 Март 2021 година на веб страната на Локален Музеј Галерија Кавадарци, Агенцијата за вработување и во три дневни весници: Нова Македонија, Вечер и Лајм.

Рокот за пријавување на јавниот оглас беше 15 дена од денот на неговото објавување во дневните весници.

По завршувањето на рокот за пријавување Комисијата пристапи кон 1 фаза и тоа административна селекција за проверка на веродостојноста на доставените податоци и доказите доставени на јавниот оглас. Кандидатите кои ја поминале 1 фаза преминуваат во 2 фаза интервју кое се состои од општи прашања, општи компетенции, стручни прашања.

По завршувањето на постапката Комисијата достави Предлог до мене како Директорот на Локален Музеј – Галрија Кавадарци за вработување на кандидатот кој освоил најмногу бодови, а воедно и единствен кандидат пријавен на огласот Елизабета Ристова со освоени вкупно 95 поени.

Согласно дадениот предлог и придружната документација се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Одлуката се објавува на веб порталот на Музејот и по нејзината конечност ќе се донесе Решение за вработување на кандидатот.

ПРАВНА ПОУКА: Право на жалба во рок од 8 дена од приемот на Одлуката до Управниот одбор на Локален Музеј Галерија Кавадарци.

Локален Музеј Галерија Кавадарци
Директор :
Весна Ѓирилева